Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 25 став 1 точка 6 од Статутот на ЈП ХС "Злетовица", а во врска со Решението за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водонабдување на населението на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип за регулиран период 2018-202 година УП бр.08-169/17 од 21.11.2017 година, донесено од Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија, Управниот одбор на седницата одржана на 16.02.2018 година донесе

02-126/9
16.02.2018

# ЦЕНОВНИК

за висината на цената на сурова вода за водоснабдување на населението
на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип

**Член 1**

Со овој ценовник се утврдува висината на цената на сурова вода за водоснабдување на населението на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип за регулираниот период од 2018-2020 година.

**Член 2**

Цената на водната услуга на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението е вкупниот надомест кој ја вклучува тарифата за водната услуга и данокот на додадена вредност и по години изнесува:

- За 2018 година тарифата за водна услуга изнесува 4,19 ден/м$^3$, данокот на додадена вредност по стапка од 5% изнесува 0,21 ден/м$^3$, цената на сурова вода изнесува 4,4 ден/м$^3$;
- За 2019 година тарифата за водна услуга изнесува 4,47 ден/м$^3$, данокот на додадена вредност по стапка од 5% изнесува 0,22 ден/м$^3$, цената на сурова вода изнесува 4,69 ден/м$^3$;
- За 2020 година тарифата за водна услуга изнесува 4,74 ден/м$^3$, данокот на додадена вредност по стапка од 5% изнесува 0,24 ден/м$^3$, цената на сурова вода изнесува 4,98 ден/м$^3$;

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на овој ценовник престанува да важи Ценовникот за висината на цената на сирова вода за водоснабдување од ЈП ХС "Злетовица" кон корисниците бр.02-492/37-1 од 19.05.2016 година.

**Член 4**

Овој ценовник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Пробиштип
16.02.2018

Претседател на Управен одбор на
ЈП ХС "Злетовица"
Методија Кралевски

ХС "ЗЛЕТОВИЦА"
Пробиштип

О б р а з л о ж е н и е

Цената на сирова вода за 1 $m^3$ која ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип ја испорачува на корисниците започнувајќи од 01.01.2017 година е определена на износ од 4,00 денари без пресметан ДДВ, согласно Ценовникот за висината на цената на сирова вода за водоснабдување од ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип кон корисниците бр.02-492/37-1 од 19.05.2016 година, на кој Владата на РМ има дадено согласност со Одлуката бр.42-4414/1 од 14.06.2016 година.

Согласно член 13 став 1 од Законот за утврдување на цени на водни услуги ("Службен весник на РМ" бр.7/16), Правилникот за начинот и постапката за утврдување на тарифа за водна услуга и на регулаторна тарифа за водна услуга ("Службен весник на РМ" бр.63/17), Методологијата за определување на тарифите за водна услуга ("Службен весник на РМ" бр.63/17) и Упатството за подготовка на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга, поднесоците и критериумите, а во врска со поднесеното Барање за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водонабдување на населението за регулиран период 2018-202 година, поднесено од ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија донесе Решение бр.08-169/17 од 21.11.2017 година.

Со Решението за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водонабдување на населението на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип за регулиран период 2018-202 година бр.08-169/17 од 21.11.2017 година е утврдено дека минималната просечна тарифа без пресметан ДДВ за 2018 година изнесува 4,19 ден/$m^3$, за 2019 година 4,47 ден/$m^3$ и за 2020 година 4,74 ден/$m^3$ , а максималната просечна тарифа за 2018 година изнесува 36,21 ден/$m^3$, за 2019 година 35,99 ден/$m^3$ и за 2020 година 35,80 ден/$m^3$

Имајќи го во предвид горенаведеново Управниот одбор на седницата одржана на 16.02.2018 година донесе Ценовник со кој за периодот 2018-2020 година, за утврдување на тарифата на суровата вода ги зеде во предвид минималните просечни тарифи.